РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
ПАВЕЛ ШАТЕВ
Бр. 02-286/5
20.08.26 година
СКОПЈЕ

**Јавен повик**
**за член на Програмскиот совет на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ од редот на редовните или вонредните професори по правни науки со академско звање доктор на науки**

Ги покануваме сите заинтересирани редовни или вонредни професори по правни науки, кои поблиску се запознаени со работата на правосудниот сектор, да се пријават на јавниот повик за член на Програмскиот совет на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“ Скопје, доколку ги исполнуваат условите од член 19 став 2 алинеја 2 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на РСМ“ бр. 129/2023 и 53/2024) и тоа:

- редовен или вонреден професор по правни науки со најмалку осум години работно искуство во одредена правна област по стекнување на академското звање доктор на науки.

Сите заинтересирани кандидати, кои ги исполнуваат условите предвидени во Законот за Академијата за судии и јавни обвинители, да ги доставаат своите пријави со следните прилози:

- биографија, во која посебно треба да бидат наведени искуствата и достигнувањата на полето на едукација како и наставни програми и модули;
- диплома од докторски студии (во оригинал или заверене на нотар) и
- потврда за работна искуство издадена од работодавач и од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија;

Рокот за поднесување на пријавите е 15 дена, сметано од денот на објавување на овој јавен повик на веб страницата на Академијата.

Пријавите може да се поднесат, секој работен ден од 7:30 до 16:00 часот во Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев“, Скопје, булевар „Јане Сандански“ бр.12/2, 1000 Скопје.

Претседател на Управен одбор
м-р Besnik Avdija